ВО РАБОТНИЧКИОТ ДОМ - УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ

КУЛТУРЕН ЖИВОТ

# ИЗЛОЖБА НА ТВОРБИ ПОДАРЕНИ ОД ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ХРВАТСКА

## Денес се отвора и изложбата на подарените слики од Петар Лубарда

В недела навечер потпретседателот на Извршниот совет на СР Македонија Ќемал Сејфула во Работничкиот дом — универзитет ја отвори изложбата на творби подарени на Скопје од ликовните уметници на Хрватска. Изложбата претходно се одржа во Загреб, а во Скопје ја организира Иницијативниот одбор за основање на Галерија на модерната уметност во Скопје. На отворањето на изложбата присуствуваа и секретарот на СКМ Крсте Црвенковски, претседателот на Идеолошката комисија при ЦК Мито Хаџивасилев, претседателот на Градското собрание на Скпје Благој Попов, членовите на Извршниот совет на СР Македонија Трпе Јаковлевски и Веселинка Малинска, претседател на Стопанската комора на СР Македонија Мориц Романо, потпретседателот на Културно-просветниот собор на Народното собрание Петре Богданов — Кочко, голем број ликовни уметници, културни, јавни, општествени и политички работници, како и група офицери на советската единица, која веќе подолго време работи во обновата и изградбата на Скопје.

Отворајќи ја изложбата на хрватските ликовни уметници потпретседателот на Извршниот совет на СР Македонија Кемал Сејфула, покрај другото рече: „Оваа изложба е уште еден од големите мигови, кога човекот на овој град не се чувствува осамен, туку како активен член на нашето општество е сведок на активноста на сите Југословени во врска со Скопје. Оваа изложба, што денес ја гледаме овде, ќе претставува јатка основање на една нова институција во нашиот културен живот. Напоредно со изградбата, со сиот свој развиток, Скопје се обогатува и со уметнички дела како придонес на неговата идна Модерна галерија. Еден дел од овој град што се подига претставува и скапоцен подарок и манифестација на братството и единството на нашите народи. Постапката на ликовните уметници на Хрватска е доказ за нивната висока хуманост. Тие навистина масовно се почувствуваа како граѓани на Скопје, на тој наш град кој стана поим и на југословенската и на меѓународната солидарност.

Отворајќи ја изложбата на хрватските сликари, го имам тоа задоволство да споменам пред овој собир, дека таа претставува почеток на акцијата која ќе продолжи и во Југославија и во целиот свет, за оформување на идната Галерија на модерната уметност во Скопје. Тоа ќе биде една од најубавите галерии, сместена во еден нов, модерен град, кој го доживеа подмолниот злочин на земјотресот, но не загина. Некогаш катастрофите ги уништувале цивилизациите. Но сега тоа нема да се случи: Скопје живее, се гради и ќе биде гордост на човечката хуманост."

Изложбата на ликовните дела на хрватските уметници ќе трае до 31 октомври. На неа се прикажани 63 експонати, слики во масло, графики, цртежи и скулптури.

Денес, во горниот дел на истиот изложбен салон се отвора изложбата на слики што на идната галерија ѝ ги подарува и познатиот сликар Петар Лубарда. Оваа изложба првпат беше отворена во Ниш, а сега Иницијативниот одбор за основање на Галеријата на модерната уметност, ја прикажува во Скопје. Изложбата на Петар Лубарда ќе се отвори вечерва во 19 часот.

К. Г.